ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

ОПШТИНСКИ ИНФОРМАТОР

# ИНФО ДЕЛЧЕВО

БРОЈ 14 АПРИЛ 2021

ТОП ВЕСТИ:

- Трајковски: Вакцината е единствен начин да се победи вирусот
- Реконструкција на главната водоводна линија во с. Тработивиште
- Се реши проблемот со отпадните води во с. Габрово и с. Ѕвегор
- Градоначалникот Трајковски ја донираше априлската плата во хумани цели

## Трајковски: Вакцината е единствен начин да се победи вирусот



Во Делчево согласно со националниот план за вакцинација на критичната инфраструктура и повозрасните наши сограѓани кои се вакцинираа на пунктот во Делчево, досега се вакцинирани околу 300 граѓани.



Реконструкција на главната водоводна линија во с. Тработивиште



Се реши проблемот со отпадните води во с. Габрово и с. Ѕвегор



Градоначалникот Трајковски ја донираше априлксата плата во хумани цели

ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
www.delcevo.gov.mk

# Се одржа 52 Седница на Советот на Општина Делчево

Советот на Општина Делчево ја одржа редовната 52 Седница на која се расправаше и се донесоа одлуки по 25 точки од Дневниот ред.

Советниците го изгласаа проектот за регулација на коритото на река Брегалница во централното градско подрачје низводно во должина од 162.22 м. за приоритетен проект кој ќе биде поднесен до Министерството за локална самоуправа, Биро за регионален развој по Програмата за намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност за 2021 година. Проектираната инвестиција со вклучен ДДВ изнесува 6.013,377.42 денари. За негова реализација е потребно да се обезбеди учество од Буџетот на Општина Делчево од 10%.

На Седницата се донесе и Одлука за проектот за изградба на дел од велосипедската патека од Делчево од Илин Камен во должина од 72м кој како приоритетен проект ќе биде поднесен до Министерството за локална самоуправа, Биро за регионален развој, а по Програмата за развој на подрачјата со специфични развојни потреби за 2021 година. Проектираната инвестиција со вклучен ДДВ изнесува 4.999,893.25 денари, а учеството на Општина Делчево е 10%.

На 52 Седница, советниците ги усвоија и: Годишниот извештај за работењето на Центарот за развој на Источно-планскиот регион за 2020 година со Годишен финансиски извештај, како и Годишниот извештај за спроведување на Програмата за развој на Источно-планскиот регион за 2015-2019; Завршна сметка на ЈКП „Брегалница“- Делчево за 2020; Годишен извештај за работата на ЈКП „Брегалница“- Делчево за 2020 година; Тримесечен извештај за финансиското работење на ЈКП „Брегалница“-Делчево за период 01.01.2021 до 31.03.2021 година, како и Измената на Годишниот план за вработување на ЈКП „Брегалница“ за 2021 година; Одлуката за дополнување на Програмата за урбанистички планови на подрачјето на Општина Делчево за 2021 година; Програмата за социјална заштита на Општина Делчево за 2021 година, Одлуката за доделување награда на најдобрите ученици од ромска националност во општинските основни училишта; Годишниот извештај за реализирани активности на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата- Делчево за 2020 год. и Програмата за работа на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата- Делчево за 2021 година;

На Седницата се донесоа и одлуките за ослободување од плаќање надоместок за уредување градежно земјиште за добивање решение за адаптација со пренамена на поткровен простор во ООУ „Св.Климент Охридски“ и за ослободување од надоместок за уредување градежно земјиште за добивање решение за реконструкција на санитарни јазли во ООУ „Ванчо Прке“ во Делчево.

Советниците донесоа Одлука со која Трговското друштво надлежно за дистрибуција на електрична енергија, треба да ги задолжи обврзниците кои живеат во Бумбарско Маало, с. Бигла и Димовско Маало во с. Драмче со комунална такса за јавно осветлување.

Инаку, на Седницата се донесе и Програмата за урбана опрема на територијата на град Делчево, Програмата за работа за превенција, заштита и спасување за 2021г, како и Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Делчево за 2021 година.

Совет на Општина Делчево

# Се реши проблемот со отпадните води во Габрово и Ѕвегор

Актуелности



Во делчевските села Габрово и Ѕвегор со доизградба на делови од канализација се реши проблемот со отпадните води. Во делчевското село Габрово се постави крак од фекалната канализација во должина од 250 метри при што се поставија цевки фи 200, а се изградени и 6 шахти, додека во селото Ѕвегор во Горната Маала се изгради крак од канализација во должина од 150 метри.

Градоначалникот Горан Трајковски кој направи увид во завршните работи на двата проекти истакна дека реализацијата на проектите продолжуваат со забрзана динамика.

-Влогот во развој и унапредување на инфраструктурата е влог во услови за подобар живот во секое наше населено место и во оваа насока се продолжува да се работи и во наредниот период. Реализацијата и на овој инфраструктурен проект значи подобар квалитет на животот на граѓаните. Во соработка со ЈКП „Брегалница“ и согласно со Годишната програма за работа и барањата од граѓаните, работиме на изградба на фекални канализации во делови од населени места, каде досега не беше изградена канализација. Во оваа прилика најавуваме изградба на крак од фекална канализација и во населбата Стрелиште, како и на влезот на Делчево кон селото Ѕвегор за потребите на новоизградените стопански субјекти, рече Трајковски.

Инвестицијата на работите е на Општина Делчево.

Актуелности

# Реконструкција на главната водоводна мрежа во Тработивиште



Заврши реконструкцијата и санацијата на главната водоводна линија во делчевското село Тработивиште, каде екипи на ЈКП „Брегалница“ извршија замена на старите дотраени азбестни цевки со ново полиетиленско црево со пречник од фи- 110. Линијата е во должина од 250 метри, а се поставија и 2 вентилни шахти со 2 вентила со пречник од фи 100. По реконструкцијата на главната линија сите индивидуални приклучоци ќе бидат заменети со нови.
Градоначалникот на Општина Делчево, Горан Трајковки , изврши увид во работите при што истакна  дека оваа интервенција е неопходна, бидејќи се јавуваа чести дефекти на оваа линија, па домаќинствата остануваа без вода, а од друга страна, имаше големи загуби на водата.
-Со реконструкцијата и санацијата на главната линија, сите проблеми позврани со честите дефекти, недостаток и загуба на водата во селото ќе бидат минато. Остануваме и понатаму посветени за решавање на проблемите на граѓаните, решаваме децениски проблеми и работиме со цел да се подобри квалитетот на животот на граѓаните во сите населени места во Општината, истакна Трајковски.
Претходно во селото беше извршена и реконструкција на дел од водоводната линија која поминува по главната улица на влезот во селото, при што беше извршена замена на дотраената поцинкувана водоводна линија со полиетиленско црево.

# Трајковски: Вакцината е единствен начин за да се победи коронавирусот



По повод Светскиот ден на здравјето, градоначалникот Горан Трајковски го посети пунктот каде се одвива вакцинацијата против ковид 19 во Здравствениот дом „Гоце Делчев“ при што донираше заштитни маски и визири за вработените здравствени работници на пунктот.

Честитајќи го Светскиот ден на здравјето, 7 Април, денот посветен на подигање на свеста за здравјето, градоначалникот Трајковски изрази задоволство од текот на вакцинирање во Делчево и одзивот на граѓаните за вакцинација против ковид-19.

– Вакцината е единствен начин да се победи коронавирусот и во таа смисла ме радува фактот што во Делчево вакцинацијата се одвива без проблеми и досега се вакцинирани над 120 повозрасни наши сограѓани и што граѓаните го препознаа значењето на имунизацијата како основна алка во борбата со оваа пандемија, рече Трајковски. Одговорниот лекар специјалист Рилка Антовска потврди дека вакцинацијата со Астразенека наменета за возрасните категории граѓани се одвива без проблеми и дека граѓаните се јавуваат на договорените термини.

Градоначалникот Трајковски, воедно, изрази јавна благодарност до сите здравствени работници за нивниот труд и пожртвуваност во борбата за здравјето на секој поединец.

Во 1948 г. СЗО го одржала своето Прво собрание на кое е одлучено 7 април секоја година да се одбележува како ден на здравјето. Одбележувањето започнува во 1950 година на 7 април, кој се смета за ден кога е основана СЗО, а воедно е и прилика да се привлече меѓународно внимание на здравствените проблеми со кои се соочува светот.

Актуелности

# Вакцинирани негователки и воспитувачки во делчевската детска градинка

Актуелности



Во делчевската детска градинка „Весели цветови“ против ковид 19 се вакцинираа негователки и воспитувачки со што се создаваат услови за безбедно по здравјето и нормално одвивање на процесот на згрижување дечиња, а отпор кон вакцината нема кај ниту еден вработен. Ова беше истакнато при посетата на градоначалникот Горан Трајковски на детската градинка, со цел да се запознае со условите на одвивање на згрижување дечиња и со интересот на вработените за процесот на имунизација.

Директорката на градинката, Билјана Симовска, потенцираше дека вакцината ја примиле 13 воспитувачки и негователки, а во следната фаза ќе се вакцинира административниот и техничко-помошниот кадар, додека еден дел од вработените веќе ја прележале болеста.

-Многу важно за нас е да се вакцинираме, вакцината е единствениот начин за борба со заразата. Она што значи здравје за нашите деца и вработените го правиме да биде максимално исполнето. Се почитуваат протоколите и од вработените и од родителите. Во наредниот период очекувам да се вакцинира и помошно-техничкиот –персонал и администрацијата во градинката, рече Симовска.

Градоначалникот Трајковски истакна дека радува фактот што имунизацијата во Делчево е прифатена и конкретно во градинката, се создаваат услови за безбедна по здравјето и непречена работа на детската градинка што има и свое влијание во работењето на економските субјекти.

-Во Делчево согласно со националниот план за вакцинација на критичната инфраструктура и повозрасните наши сограѓани кои се вакцинираат на пунктот во Делчево, досега се вакцинирани околу 300 граѓани. Во оваа фаза се вакцинираа вработени во градинката, полицијата, наставници од основните училишта кои држат настава со физичко присуство, како и здравствени работници во јавното задравство кои веќе ја примија и втората вакцина. Од овде уште еднаш ќе апелирам да се пријавуваат граѓаните за вакцинација, која е единствено оружје за борба против вирусот и воедно да се придржуваат до превентивните мерки за заштита од ковид 19, истакна Трајковски.

Актуелности

# Доделени наградите за најдобрите ученици Роми во Делчево



По повод Меѓународниот ден на Ромите, 8 Април, градоначалникот на Општина Делчево, Горан Трајковски, ги додели наградите на најдобрите ученици Роми во Делчево за учебната 2020/21.

Најдобар средношколец Ром во Делчево е Џастин Мемедов, ученикот во 4-3 клас гимназиско образование со просек 4,73 и примерно поведение во СОУ „М.М Брицо" и тој од Општина Делчево добива парична награда од 10.000 денари. По 5.000 денари добија најдобрите ученици Роми во основното образование: Јасин Мемедов, ученик во 9 одделение во ООУ „Ванчо Прке" и Селина Бекирова ученичка во 6 одделение во ООУ „Св.Климент Охридски" .

На средбата со учениците, градоначалникот Трајковски им го честита празникот и успесите во образовниот процес и истакна дека овие парични награди на најдобрите ученици Роми во Делчево се традиционални и претставуваат мотивација на учениците да постигнуваат подобри резултати во образованието.

– Ценејќи дека соодветното образование е една од алките кои дава можност за конкурентност на пазарот на трудот и основа за понатамошен индивидуален професионален развој и со цел мотивација за постигнување подобри резултати во образованието кај ромската заедница, традиционално по повод Меѓународниот ден на Ромите, Општина Делчево ги наградува одличните ученици Роми во образовните институции. Верувам дека со успеси во образованието и натпревар во знаења може да се оствари посакуваната цел во животот , рече Трајковски.

Воедно, градоначалникот Трајковски упати честитки до ромската заедница по повод Меѓународниот ден на Ромите, 8 Април, истакнувајќи дека Општина Делчево посветено работи за социјална кохезија, решавање на инфраструктурните проблеми во населбите каде што претежно живеат Роми, но и за инклузија на ромското население во сите сфери од општественото живеење.

# Одржан состанок на Иницијативниот одбор за формирање Локално собрание на млади

Актуелности



Членовите на Иницијативниот одбор за конституирање Локално собрание на млади на Општина Делчево денеска го одржа својот прв работен состанок на кој се разговараше за улогата и задачите на Иницијативнот одбор и нивната соработка со Општината во креирањето на Локалното собрание на млади.

Иницијативниот одбор заедно со Општина Делчево наредниот период ќе распише Јавен повик за членство во Локалното собрание на млади. Избраните делегати на Локалното собрание на млади ќе бидат поканети од Иницијативниот одбор да учествуваат на конститутивната седница, со која ќе заседава ИО заедно со одговорното лице на Општината. Повикот ќе биде отворен за сите младински организации, организации за млади, политички подмладоци, ученички и студентски организации и други облици на младинско здружување кои ќе ги исполнуваат критериумите предвидени во повикот. Повикот ќе биде објавен на веб-страницата и фб-страницата на Општината и ќе биде достапен за сите млади.

ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
www.delcevo.gov.mk

Актуелности

# Објавен Јавниот повик за формирање Локално собрание на млади




Општина Делчево го објави Јавниот повик за формирање Локално собрание на млади на Општина Делчево. Повикот е отворен за сите младински организации, организации за млади, политички подмладоци, ученички и студентски организации и други облици на младинско здружување кои ќе ги исполнат следните критериуми: Да имаат активности на територијата на Општина Делчево, да се основани и активни најмалку една година пред отворањето на овој повик, делегатот/ката и заменик-делегатот/ката да се жители на Општина Делчево и да се на возраст од 15 до 29 години.

Сите заинтересирани организации кои ги исполнуваат критериумите потребно е да ги достават следните документи: Портфолио за работата на организацијата, мотивациско писмо за учество во Локалното собрание на млади, Годишен извештај за работата од претходната година со кој се потврдува дека организацијата била активна изминатата година со активности спроведени за или од млади во Општина Делчево, номинација на делегат/ка и заменик-делегат/ка со контакт-детали за претставниците.

Пријавите за членство во Локалното собрание на млади на Општина Делчево се поднесуваат електронски на e-mail адресата info@delcevo.gov.mk, или до Архива на Општина Делчево, секој работен ден од 07.30 до 15.30 часот или по пошта на адреса: **Општина Делчево, ул. „Светозар Марковиќ“ бр.1,** со назнака „Апликација за членство во Собранието на Советот на млади“.

Рокот за пријавување е заклучно со 18.05.2021 година. Апликациите ќе бидат разгледувани од страна на Иницијативниот одбор за формирање Локално собрание на млади со цел избор на Локалниот младински совет при Општина Делчево и административниот службеник за млади номиниран од Градоначалникот на Општина Делчево.

# Градоначалникот Трајковски на онлајн час по општество



Градоначалникот Трајковски присуствуваше на онлајн час по предметот општество во ООУ „Св.Климент Охридски“ во класот на наставничката Васка Филиповска, како дел од активностите во наставната програма по овој предмет и со цел запознавање со работата и ингеренциите на градоначалникот и на Општината.

За време на часот, учениците се интересираа за повеќе теми, за поголема безбедност во сообраќајот, за поставување урбана опрема и изградба на скејт-парк и аква парк и повеќе содржини за младите во градот.

Трајковски, освен што одговараше на прашањата на учениците, ги истакна и должностите на градоначалникот и начинот на кој функционираат Советот, одделенијата и секторите во Општина Делчево, посочувајќи и низа проекти кои се реализираат во Делчево со цел подобрување на квалитетот на животот на граѓаните.

Инаку, во рамките на предметот општество, секоја година учениците од 4 одделение од двете основни училишта во градот ја посетуваа административната зграда на Општина Делчево и остваруваа средби со градоначалникот, но оваа година поради актуелната пандемија, часовите ќе се одржуваат онлајн со учениците.

Актуелности

ДЕЛЧЕВО
ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
www.delcevo.gov.mk

Актуелности

# Градоначалникот Трајковски ја донираше априлската плата во хумани цели



Побогата празнична трпеза за 40 христијански и муслимански семејства обезбеди градоначалникот на Делчево Горан Трајковски кој ја донираше априлската плата за хумани цели. Во пресрет на велигденските и рамазанските празници, по 20 прехранбни пакети за семејства кои живеат во социјален ризик беа дистрибуирани до градската црква „Света Богородица“ и до Џамискиот одбор од градската џамија „Султан Мехмед Фатих II “, каде одговорните лица ќе ги распределат пакетите до своите верници на кои оваа помош им е непходна и добредојдена.

Целта на хуманитарната мисија на Трајковски е да се помогне на семејствата достоинствено да ги прославаат големите празници и да се покаже со дела дека никој во општината не е заборавен.

Инаку, ова не е прва хуманитарна акција на Трајковски. Меѓу другите хумани активности, претходните години тој на четири многудетни семејства од Разловци, Работивиште, Вирче и Илиово, како и на семејство чија куќа изгоре во пожар во селото Русиново, донираше мебел за подобрување на условите на живот на овие семејства.

# Хуманитарна мисија за помош на пензионери со ниски примања

Актуелности



Прехранбени и хигиенски пакети добија 10 пензионери од Делчево кои имаат ниски приходи и живеат во социјален ризик. Пакетите се дитрибуираа согласно со евиденцијата на делчевското Здружение на пензионерите кое е и иницијатор на хуманитарната акција, а која се реализира со поддршка на Општина Делчево и ОО на Црвениот крст Делчево.

Како што истакна претстедателката на Здружението на пезнионерите, Виолета Арсова, акцијата е во насока да се помогне на семејствата на пензионерите.

-Изразувам благодарност до градоначалникот и Општина Делчево за перманентната поддршка што ја добива Здружението, посебно во оваа прилика, кога донираме на најсиромашните пензионери. Денеска ќе опфатиме дел од пензионерите кои сме ги евидентирале, а со наредна акција ќе се опфатат и другите пензионери, рече Арсова.

Градоначалникот Трајковски потенцираше дека Општината е перманентно активно вклучена во хуманитарни акции.

-Соочени со актуелната пандемија со која живееме една година и која најмногу удира на ранливите категории граѓани, но и во пресрет на верските празници Велигден и Рамазан-Бајрам, одлучивме да се вклучиме во хуманата мисија на иницијатива на Здружението на пензионерите и да помогнеме на пензионери од нашата Општина кои имаат ниски приходи, но и да им покажеме дека не се сами дека бараме начини да им помогнеме од секој аспект на живеењето. Ја поздравувам оваа иницијатива на Здружението и изразувам благодарност до ОО на Црвениот крст во Делчево за нивната подготвеност да излезат во пресрет на луѓето на кои им треба помош и сакам да истакнам дека овие организации, секогаш како партнер во хуманитарните мисиии ја имаат и Општина Делчево, рече Трајковски.

Соработката меѓу Општина Делчево и ОО на Црвениот крст во Делчево се добар пример за институционална соработка која значи помош за најранливите категории, истакна Ивана Ангеловски од ОО на Црвениот крст во Делчево.

Како резултат на оваа соработка, изминатава година во Делчево се поделени над 40 пакети на социјално загрозени семејства. Хуманите граѓани и фирми во Делчево ќе имаат можност да ја покажат својата хуманост во рамките на Неделата на солидарноста која ќе ја организира Црвениот крст на РСМ.

Актуелности

# Неделата на имунизација во знакот на имунизацијата против ковид 19



По повод Европската недела на имунизација во Делчево беа доделени 10 хуманитарни пакети на семејства кои живеат во социјален ризик, а кои изминатата година добиле новороденче, а беше доделен и пропаганден материјал за значењето на имунизацијата. Акцијата на која годинава се дава посебен аспект на имунизацијата против ковид 19 е во организација на НВО КХАМ и Општина Делчево, а со поддршка на Здравствениот дом во Делчево. Целта на оваа активност која се спроведува повеќе од 10 години во Делчево е да се скенира состојбата на терен, да се проверат картоните за имунизација кај децата до 1 година, како и да се подигне свеста за важноста од редовната вакцинација.

Инаку, покрај актуелната имунизација против Ковид 19, последните неколку години во државава е осовремен календарот за имунизација. Воведени се две нови вакцини – вакцина против ротавирус и пневмококна вакцина. Вакцините кои се набавуваат во нашата држава се од производители од земји членки на Европската Унија, одобрени од Светската Здравствена Организација и се употребуваат и во нивните држави. Од Министерството за здравство потенцираат дека високот опфат на имунизација кај населението создава колективен имунитет, спречува појава на заразни заболувања и го заштитува детето и возрасните, најблиските членови во семејството и пошироката заедница. При овој процес потребно е сите да бидеме активно вклучени со цел заштита на колективното здравје.

Во Република Северна Македонија, со активна имунизација се започнува кон средината на минатиот век и со текот на времето бројот на болестите кои се превенираат со вакцинација сè повеќе се зголемува. Првата вакцинација во Република Македонија е

# „Сподели авторка“ донесе 30 наслови од авторки во делчевската библиотека

Култура



ЈЛБ „Илинден“ во Делчево доби донација од 30 книги творени од авторки како дел од активноста „Сподели авторка“ на Граѓанската организација „Стела“ и соработката меѓу КЕМ на Општина Делчево и ЈЛБ „Илинден.

Граѓанската организација „Стела“, како што истакна нејзиниот сосновач, Сара Миленковска е граѓанска организација иницирана од група ентузијастки кои сакаат да го подобрат пристапот до високо образование и економско зајакнување на жени и девојки.

-Оваа иницијатива ја започнавме преку мрежата „Стела“, а преку самото менторство бевме инспирирани да помогнеме на јавните библиотеки, со цел да го промовираме женското творештво во делот на феминистичката литература. Успеавме да добиеме средства за 100 книги и денес во Делчево го донираме вториот пакет на книги. Претходно бевме во Битола, следно место каде ќе одиме е Струга и многу ни е важно оваа иницијатива да прерасне во поголема иницијатива. Сè повеќе и повеќе луѓе се мотивираат да ни донираат дополнителни книги, со што помогнат со предлози на прекрасни авторки кои треба да бидат, исто така, вклучени во оваа иницијатива, рече Миленковска.

Со оваа иницијатива се овозможува бесплатен пристап до книжевните дела на жени писателки и до светската феминистичката литература во јавните библиотеки низ Македонија.

-„Сподели Авторка“ е иницијатива со цел да ги доближи женските писатели и феминистичката литература до младите девојки преку јавните библиотеки. Оваа литература, верувам, дека ќе ги пополни и празнините во литературата која се користи во образовниот процес, бидејќи реално гледано, редовната литература која ја користат учениците и студентите е оскудна во однос на знаења кои би ја подигнале свеста кај младите за еднаквите можности на жените и мажите и свесноста за вградување на родовиот концепт во секој сегмент од животот. Ние, како КЕМ, сме свесни дека родовата нееднаквост е сè поприсутна и дека сè поголем број млади запаѓаат во страшни замки од кои нема кој да ги заштити, додаде Сузана Петровска, координаторка на КЕМ.

Целта на активноста, како што истакна директорката Билјана Петровска е преку книги напишани на македонски, албански и англиски јазик во библиотеки низ земјата, да се зголеми читањето на литература напишана од жени.

– Изразувам благодарост до организацијата „Стела“ и до КЕМ на Општина Делчево за оваа несекојдневна литература од женски авторки и очекувам дека преку оваа

## Општина Делчево

Издава: Општина Делчево

Уредник: Даниела Такева

Техничка обработка: Влатко Мицевски

Соработник: Благица Петровска

Фотографија: Општина Делчево

Лектор: Даниела Такева



Ул. „Светозар Марковиќ“ бр. 1
2320 Делчево
Телефон: +389411550
E-mail: info@delcevo.gov.mk
web: delcevo.gov.mk


Инфо Делчево на web:
delcevo.gov.mk